**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр.** 03-446
29.11. **2017 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 8 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), а во врска со член 52 од истиот Закон, точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст), бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.10-5279/1 од 22.11.2017 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно поради необјавување на правилата за учество во програма со наградно учествување на гледачите ни информации за јавно ветените награди, од страна на Трговското радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, Директорот на Агенцијата го донесе следното:

**Решение**
**за преземање мерка – опомена**

1. СЕ ОПОМЕНУВА Трговското радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, заради извршена повреда на член 52 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), а казнива по член 148 став 1 точка 6 и став 2 од истиот Закон, на начин што на телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, на 31 октомври 2017 година, во „Среќни луѓе", програма со наградно учествување не беа објавени правилата за учество во програмата, ни информации за јавно ветените награди.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-5279/1 од 22.11.2017 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Трговското радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на ова Решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно.

**О б р а з л о ж е н и е**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), е надлежна да врши

програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерка – решение за опомена согласно со овој Закон, во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и подзаконските акти донесени врз основа на него, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и другите акти на Агенцијата.

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во рамките на своите законски надлежности, преку Секторот за програмски работи, на 22 ноември 2017 година, изврши редовен програмски надзор (мониторинг) на телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, емитуван на 31 октомври 2017 година, при што беше констатирано прекршување на член 52 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Имено, во „Среќни луѓе“, програма со наградно учество, со класификациски карактеристики на – „натпревари со ниска продукциска вредност“, емитувана во периодот од 18:21:32 часот до 19:18:35 часот, на 31 октомври 2017 година, водителот не ги објави минималните информации поврзани со правилата за учество во програмата, ниту тие информации беа објавени на веб-страницата на АЛФА ТВ, а не беа објаснети ни начинот на освојувањето на јавно ветените награди ни периодот и постапката за нивно доделување, како што е пропишано со членовите 3 и 4 од подзаконскиот акт – Правилник за програми со наградно учествување и за користење телефонски услуги со додадена вредност, бр.01-6250/1 од 12.12.2014 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.185/14). Согласно цитираните одредби од овој Правилник, давателот на аудиовизуелна медиумска услуга за програмите со наградно учествување е должен да усвои правила што ги објавува на својата веб-страница и за кои ја информира Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (член 3), како и давателот на аудио или аудиовизуелната медиумска услуга, при емитувањето програми со наградно учествување, треба јасно и недвосмислено да ги информира гледачите и слушателите најмалку за: начинот и трошоците за учество во програмата; ограничувањата за учество во програмата; видот на наградата, начинот на доделување и начинот и периодот на доставување на наградата на добитникот и да потсетува дека целосните правила за учество во програмата или во нејзин дел можат да се најдат на веб страницата на давателот на аудио или аудиовизуелна медиумска услуга (член 4).

Повредата од точка 1 став 1 од ова Решение, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-5279/1 од 22.11.2017 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 8 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а во врска со член 52 од истиот Закон, точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст), бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-5279/1 од 22.11.2017 година, поради констатирано непочитување на одредба од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, утврдено во точка 1 на ова Решение, Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, донесе решение, со кое кон Трговското радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, се презема мерка – опомена и со кое на радиодифузерот му наложи, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на ова Решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение издавачот на медиум може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**
1) Писмен извештај за извршен програмски надзор, бр.10-5279/1 од 22.11.2017 година.

**Доставено до:**
- Трговското радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје;
- Управителот на Трговското радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје;
- Одговорното лице на програмата во Трговското радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје;
- Секторот за правни и економско-финансиски работи;
- Секторот за програмски работи;
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп 1.